**САМОЕВАЛУАЦИЈА НА**

**ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „КОЧО РАЦИН " ПЕТРОВЕЦ**

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**

**за период од 2023 до 2025 година**



Датум

Октомври, 2025 година

| **Самоевалуација на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ „ Кочо Рацин“ Петровец |
| Адреса | Ул.1 Бр. 185 Општина Петровец , Петровец 1043 |
| Телефон, е-пошта | 02 2561-342 ; oukocoracin@yahoo.com petrovec-petrovec@schools.mk |
| Период на подготовка на СЕУ | септември-октомври 2025 год. |
| Број на ученици во училиштето | 746 |
| Број на подрачни училишта | 2 |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Виолета Јаневска |
| Потпис | |
| Датум | октомври 2025 год. |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Весна Митевска |
| Потпис | |
| Датум | |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| 1.1 **Планирања на наставниците**<br><br>**1.2 Наставен процес**<br><br>**1.3 Искуства на учениците од учењето**<br><br>**1.4 Оценувањето како дел од наставата**<br><br>**1.5 Воннаставни активности и натпревари** |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.1 Планирања на наставниците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма за работа на училиштето; планирања на наставниците; списоци, агенди и извештаи од реализирани обуки; записници и списоци од состаноци на стручни активи; анкети со наставници; интервјуа со директорот, стручните соработници; извештаи од стручни соработници за следни планирања. | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | Училиштето им обезбедува обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. Мал број од испитаниците сметаат дека добиваат поддршка од страна на стручната служба, директорот и/или назначеното лице при изготвувањето на планирањето за наставниот предмет. Поголем број сметаат дека се следат планирањата на наставниците, има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување. Поголем број од испитаниците сметаат дека во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот, од стручните соработници и/или од лица назначени од стручните органи. |
| | Размена на искуства и на информации при планирањето | Поголем број од испитаниците сметаат дека наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта. Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта и др. |
| **Индикатор 1.2 Наставенпроцес** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма за работа на училиштето; распоред на часови; е дневник; педагошка евиденција и документација; списоци и извештаи од реализирани обуки; записници од состаноци на стручни | Реализација на наставни планови и програми | Во текот на учебната година најголем дел од испитаниците сметаат дека учениците ги имаат сите наставни часови, согласно распоредот. Наставата се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар. |
| | Избор на наставни предмети | Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Поголем дел од испитаниците ученици и |

| | | |
|---|---|---|
| активи; анкети со наставници; ученици, родители; дискусии во фокус групи со ученици, наставници и родители; интервјуа со директорот, стручните соработници; извештаи од посети на наставни часови; решенија за инклузивен тим на училиштето; изработени ИОП и модифицирани програми за учениците со посебни образовни потреби; записници од состаноци на училишните тимови за инклузија и инклузивните тимови за ученик; извештаи и записници од тимови за училишна интеграција (ТУИ), извештаи од реализирани активности за меѓуетничка интеграција; материјали од постапката за определување изборни/слободни изборни предмети и активности; планирања за изборни предмети. | | родители сметаат дека се запознати со листата на изборни предмети и активности како и по слободен избор се избрани согласно интересите на учениците. |
| | Избор на задачи,активности и на ресурси | Најголем дел од испитаниците наставници сметаат дека наставници, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците, со што се согласуваат и родителите на учениците.. Притоа, најголем дел од испитаниците наставници сметаат дека користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература, со што се согласуваат поголем дел од испитаниците ученици и родители. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин, користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби. |
| | Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | Поголем дел наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Поголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови. На поголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На поголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците. Поголем број од учениците сметаат дека можат слободно да се изразат за време на часовите, а со тоа се согласуваат и нивните родители, но од друга страна сметаат дека треба да се дополнуваат иновативните методи за часовите на учениците да им се повеќе интересни. Поголем број од учениците сметаат дека се активно вклучени во наставата при поставување на прашања, работа во групи или дискусија. |
| | Реализација на образовна инклузија | Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Тие редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар за унапредување на наставата за учениците со попреченост. Поголем број од наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и да реализираат настава со ученици со ПОП. Асистивната |

| | | |
|---|---|---|
| | | технологија со која располага училиштето е во функција на развојот на учениците со ПОП. Пристапот во училиштето, просторот во ходниците и во училниците, тоалетите во голема мета се приспособени на потребите на учениците со физичка попреченост. Наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со ПОП во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот. Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Наставниот кадар успешно соработува со образовните асистенти со цел за најдобар интерес на ученикот. |
| | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | Тимот за училишна интеграција го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО. Поголем број од наставниците реализираат МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план, но мал број од учениците биле вклучени во активности заедно со ученици од други култури со што се согласуваат и родитлите кои исто така во мал број сметаат дека нивното дете било вклучено во активност/и реализирана со ученици кои учат на различни јазици. |

| **Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Анкета со учениците, родителите и наставниците; разговори во фокус групи со ученици, родители и наставници; разговор со стручна служба; увид во ученичките досиеја; увид во евиденцијата на стручните соработници. | Средина и атмосфера за учење | Поголем дел од учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Поголем дел од учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење, но со тоа не се согласуваат родителите кои во мал број сметаат дека училиштето им обезбедува пристап до различни материјали за учење енциклопедии, списанија, интернет. Поголем дел од учениците сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот. За време на часовите, поголем број од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Најголем дел од Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците. |

<table>
<tr><td></td><td>Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците</td><td>Поголем дел од наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето. Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели.</td></tr>
<tr><td colspan="3">Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата</td></tr>
<tr><td>Извори на податоци</td><td>Теми по индикатори</td><td>Информации кои се собрани</td></tr>
<tr><td rowspan="4">Програма за работа на училиштето; распоред за додатна и дополнителна настава; списоци на ученици вклучени во додатна и дополнителна настава; правилник за оценување и напредување на учениците; интерен правилник за оценување; увид во педагошката евиденција и документација; користените инструменти за оценување; примери на оценети ученички трудови; записници од стручните активи, наставничкиот совет; анкети/интервјуа со учениците и наставниците, родителите; инструменти за индивидуализирани</td><td>Училишна политика за оценување</td><td>Училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања. Усогласените критериуми во стручните активи, наставниците ги користат за оценување на учениците но со нив согласно резултатите од анкетите не доволно запознаени учениците и родителите. Најголемиот број наставници применуваат формативно оценување. Поголем број од учеиците сметаат дека добиваат јасни насоки од страна на наставниците во поглед на тоа што треба да учат за секоја оценка и притоа се согласуваат дека оценувањето е праведно.</td></tr>
<tr><td>Методи,форми и инструменти за оценување</td><td>Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.). Инструментите за оценување се унапредуваат во соработка со стручната служба.</td></tr>
<tr><td>Коефициент на континуитет на успехот на учениците</td><td>Статистичкиот преглед редовно се реализира и презентира од страна на стручната служба пред наставниците на наставнички совет. Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината е во благ пораст .
<table>
<tr><th></th><th>полугодие</th><th>крај</th></tr>
<tr><td>2022/2023</td><td>3.26</td><td>3.84</td></tr>
<tr><td>2023/2024</td><td>3.47</td><td>3.81</td></tr>
<tr><td>2024/2025</td><td>3.15</td><td>3.84</td></tr>
<tr><td>Вкупно</td><td>3.29</td><td>3.83</td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td>Користење на информациите од оценувањето во наставата</td><td>Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Сите наставници редовно</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| начини на проверка | | им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава. |
| **Индикатор 1.5 Вонnаставни активности и натпревари** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма за работа; програми за воннаставни активности; извештај од реализирани екскурзии; педагошка евиденција и документација; дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари; интервјуа/анкети со наставници, родители, ученици и стручни соработници за воннаставни активности; записници од стручни активи и ученичка заедница; список на ученици вклучени во воннаставни активности; увид во интернет страницата, во весниците, програмата на радиото, социјалните мрежи итн. | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности | Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците. |
| | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности | Поголем дел од учениците се вклучени барем во една воннаставна активност. Во училиштето, се реализирани општествено-хуманитарни активности во рамките на воннаставните активности. |

| | | |
|---|---|---|
| | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности | Поголем број од учениците се запознаени со воннаставните активности кои се нудат во училиштето. Во училиштето се реализираат голем број на воннаставни активности предложени од учениците. Учениците сметат дека се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор. Учениците сметаат дека се доволно вклучени во подготвувањето на програмите за воннаставни активности. |
| | Натпревари | Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер. |

**Подрачје 1: Планирање,настава и учење**

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето им обезбедува обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници. Поголем број од испитаниците сметаат дека добиваат поддршка од страна на стручната служба, директорот и/или назначеното лице при изготвувањето на планирањето за наставниот предмет. Поголем број сметаат дека се следат планирањата на наставниците, има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување. Поголем број од испитаниците сметаат дека во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот, од стручните соработници и/или од лица назначени од стручните органи. Поголем број од испитаниците сметаат дека наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта. Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта и др Наставата се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар. Во текот на учебната година најголем дел од испитаниците сметаат дека учениците ги имаат сите наставни часови, согласно распоредот Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Поголем дел од испитаниците ученици и родители сметаат дека се запознати со листата на изборни предмети и активности како и по слободен избор се избрани согласно интересите на учениците Најголем дел од, задачите и активностите наставниците ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците.. Притоа, најголем дел од испитаниците наставници сметаат дека користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература, со што се согласуваат поголем дел од испитаниците ученици и родители. Интеракцијата меѓу учениците и наставниците и учениците меѓусебно е на задоволително ниво. Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и

разбирање, при што се обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови. На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците. Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Тие редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива. Тимот за училишна интеграција го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО. Поголем број од наставниците реализираат МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план. Поголем дел од учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Поголем дел од учениците сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот. Поголем дел од наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето. Училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања. Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава. Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Учениците се вклучени барем во една воннаставна активност. Во училиштето, се реализирани општествено-хуманитарни активности во рамките на воннаставните активности. Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер.

**Силни страни**

- Поголем број од испитаниците сметаат дека наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи и како резултат на тоа се подобрени планирањата кај најголем број од наставниците;
- Наставата се реализира редовно и во пропишаниот обем;
- Родителите и учениците се запознати со листата на изборни предмети и активности и по слободен избор се избрани согласно интересите на учениците;
- Задачите и активностите наставниците ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците;
- На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот;
- На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците;
- Најголем дел од наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на

учениците пред други ученици;

- Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците;
- Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели;
- Најголемиот број наставници применуваат формативно оценување;

**Слаби страни**

- Мал број од учениците биле вклучени во активности заедно со ученици од други култури со што се согласуваат и родителите кои исто така во мал број сметаат дека нивното дете било вклучено во активност/и реализирана/и со ученици кои учат на различни јазици.
- Недоволно користење на различни материјали и извори за учење за време на часовите.

**Приоритети**

- Зголемување на активности во кои учениците ќе бидат вклучени во работилници со ученици од друга култура и друг наставен јазик.
- Користење различни материјали и извори за учење за време на часовите (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели).

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

| Индикатори за подрачјето: |
| --- |
| **2.1 Постигања на учениците**<br>**2.2 Мерки за подобрување на постигањата** |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 2.1 Постигања на учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Е-дневник; записници од родителски состаноци; анализи на постигања по различни критериуми и квалификациски периоди и акциски план за подобрување; анкети со ученици, наставници, родители; разговор со стручни соработници, | Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди | Училиштето води целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик/ученичка.Училиштето ги следи постигнувањата на учениците според пол и етничка припадност по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди.Наставниците применуваат формативно и сумативно оценување на постигнувањата на учениците.Учениците од I до III одделение се оценуваат со описни оценки; учениците од IV до VI одд. се оценуваат комбинирано (описно и бројчано);а учениците од VII до IX одд.се оценуваат со бројчани оценки. При оценувањето се почитуваат индивидуалните разлики и способности на учениците. Постигнувањата на учениците се евидентираат во е-дневникот по сите предмети,за редовната настава,но и за дополнителната и додатната настава.Од тука се добиваат информациии за оние ученици кои послабо напредуваат,па за нив се организира дополнителна настава, и за учениците кои постигнуваат повисоки резултати-за нив се организира додатна настава. Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и по завршување на основното и средното образование. Доколку се јават разлики во постигањата при премин од еден во друг циклус, училиштето ги анализира причините за ваквата појава и презема активности за нејзино надминување. Освен е-дневникот податоци за евиденција за напредокот на ученикот можат да се најдат и во белешките што секој наставник ги води за учениците од секое одделение. Тука перманентно се следи нивниот развој во текот на учебната година. Наставниците континуирано дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата во наставата. Наставниците и стручната служба редовно изготвуваат тримесечни, полугодишни и годишни извештаи за напредокот на учениците по паралелки и на ниво на одделение, според податоците добиени од одделенските раководители. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес. Евиденцијата што се води за напредокот и постигнувањата на учениците, |

| | | |
|---|---|---|
| | | нивната присутност и поведение, се разгледува на Одделенските совети, на Наставничките совети, со родителите на Родителските средби и индивидуални средби, како и на состаноците на Советот на родители. Евиденцијата за напредокот на учениците им е достапна на сите наставници, на учениците и на нивните родители. Со тие податоци учениците редовно се запознаваат на одделенскиот час, а родителите за постигнувањата на нивните деца се информираат усно– на индивидуални средби со одделенскиот раководител и предметните наставници, и писмено, преку извештаите и евидентните листови што им се даваат на учениците по секое тримесечје, полугодие и свидетелствата на крајот на учебната година. Во текот на целата учебна година и родителите имаат увид во постигањето на учениците преку електронскиот дневник, смс-пораки, е-пошта и другите можности за размена на информации; како и на приемните денови на наставниците и отворените денови за родителите.<br>Напредокот на учениците е следен и од стручните соработници на училиштето, кои соработуваат со наставниците и помагаат во изготвувањето на објективните тестови на знаења. Средби со родителите на децата кои постигнуваат слаби резултати, одржува и психологот и притоа врши советодавна работа, упатувајќи ги родителите на постапки кон решавање на проблемите.<br>**Резултати од анкетата за ученици**<br>Анкетирани се вкупно 70 ученици по случаен избор. По однос на тврдењето2.1. Моите родители/старатели се постојано известувани за мојот напредок на училиште. 50% од учениците целосно се согласуваат., 35,1% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 7,5% не се согласуваат со тврдењето, 1,5% од учениците целосно не се согласуваат и 6% одучениците не знаат или немаат информација за ова тврдење<br>**Резултати од анкети на наставниците:**<br>Анкетирани се вкупно 50 наставници по случаен избор.По однос на тврдењето Голем број родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете по мојот предмет/предмети. 37.5%  од наставниците целосно се согласуваат.,50%од наставниците се согласуваат со ова тврдење, 12.5% не се согласуваат со тврдењето,нема наставници кои целосно не се согласуваат или незнаат или немаат информација за ова |

| | |
|---|---|
| | тврдење. |
| Резултати од екстерни тестирања | Училиштето не беше вклучено во спроведување на екстерно тестирање. |
| Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост | Училиштето ги идентификува надарените ученици, учениците кои имаат тешкотии во учењето, како и учениците со посебни образовни потреби и систематски го следи нивниот напредок. Со надарените и талентираните ученици наставниците работат континуирано во целата учебна година со мотивирање и задавање на обврски за време на часовите, за домашна работа, вклучување во различни проекти кои одговараат на нивните интелектуални способности, интереси и потреби. За надарените ученици секој наставник реализира додатна настава. Оваа група на ученици се вклучува и во училишните, општинските, републичките и меѓународните натпревари и конкурси. За таа цел, во училиштето се изработува Програма за работа со талентирани и надарени ученици која овозможува поголема вклученост на учениците и активно учество во сите конкурси, манифестации и натпревари. Наставниците применуваат различни методи на поучување и учење со цел да се задоволат потребите на децата со различни способности. Одговорни лица за работа со талентирани и надарени ученици се одделенските и предметните наставници во соработка со педагошко– психолошката служба. Идентификување на ученици со попреченост се реализира при упис на ученици во прво одделение, како и на почетокот на воспитно– образовниот процес. Учениците по идентификацијата се насочуваат во Стручно тело за функционална проценка– Скопје 1 (МКФ) со цел добивање на наод и мислење за функционалната проценка. Училиштето постапува по препорачаните услуги во функционалната проценка. Доколку на учениците им е препорачана образовна асистенција, училиштето со барање до Ресурсниот центар обезбедува образовни асистенти. Учениците со попреченост добиваат поддршка од наставниците, образовните асистенти и стручната служба на училиштето. За нив се изработуваат индивидуални образовни планови и модифицирани програми.Инклузивниот тим на училиштето ги приспособува наставните планови и програми по сите |

| | | |
|---|---|---|
| | | предмети според можностите на децата со ИОП. Во училиштето има ученици со посебни образовни потреби со медицинска белешка од ЗМЗ или од МКФ, вклучени во редовната настава. Тие се вклучени во воспитно-образовниот процес со ИОП изготвен според нивните можности и способности.Со овие ученици работи специјален едукатор и рехабилитатор, педагог и психолог, а учениците се придружувани од лични и образовни асистенти ангажирани од страна на училиштето. Наставниците и стручната служба континуирано соработуваат со родителите на учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со попреченост со цел да се зголеми индивидуалниот напредок и развој на секој ученик/<br>**Резултат од анкети на наставници**<br>Анкетирани се вкупно 50 наставници по случаен избор. По однос на тврдењето  Успевам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето. 56.3% од наставниците целосно се согласуваат., 43.8% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, нема наставници кои не се согласуваат со тврдењето, целосно не се согласуваат или не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br>Анкетирани се вкупно 50  наставници по случаен избор. По однос на тврдењето  Успевам да ги идентификувам надарените ученици 58.3% од наставниците целосно се согласуваат., 41.7% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, нема наставници кои не се согласуваат со тврдењето, целосно не се согласуваат или не знаат или немаат информација за ова тврдење. |
| | Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | Училиштето има методи за известување на родителите за напредокот на нивните деца и истите добро ги применува. Тоа вклучува редовно прибирање информации за напредокот на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оцената, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата на секој ученик посебно. Во текот на целата учебна година со пристап во е дневникот секој родител може лесно да биде информиран за напредокот и редовноста на своето дете, писмените работи, тестовите на знаење, поведението. Освен од електронскиот дневник, известувањето тече и преку смс-пораки, електронската пошта, приемните денови на наставниците, отворените |

| | | |
|---|---|---|
| | | денови за родителите и родителските средби итн. Училиштето обрнува внимание на информирањето на родителите при изрекување на педагошки мерки., а функционира и советувањето на родителите и учениците.<br>**Резултати од анкети на ученици**<br>Анкетирани се вкупно 70 ученици по случаен избор. По однос на тврдењето Моите родители/старатели се постојано известувани за мојот напредок на училиште. 50% од учениците целосно се согласуваат., 35,1% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 7,5% не се согласуваат со тврдењето, 1,5% од учениците целосно не се согласуваат и 6% од учениците не знаат или немаат информација за ова тврдење<br>**Резултати од анкета за наставници** Анкетирани се вкупно 50 наставници по случаен избор.По однос на тврдењето Голем број родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете по мојот предмет/предмети. 37.5% од наставниците целосно се согласуваат., 50% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, 12.5% не се согласуваат со тврдењето,нема наставници кои целосно не се согласуваат или незнаат или немаат информација за ова тврдење. |

| **Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Записници од советувања на родители и ученици; распоред и списоци за дополнителна и додатна настава; Е-дневник; извештаи за соработка со различни чинители за подобрување на постигањата. | Редовност во наставата | Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците (според полот, етничката припадност), ги анализира причините за отсуство од наставата (и неоправдано и оправдано) и навреме презема конкретни активности што обезбедуваат зголемување на редовноста. Поголемиот број од учениците во нашето училиште се редовни на настава, а за учениците кои не се редовни на настава се превземаат педагошки мерки, се вршат советувања со учениците и нивните родители и доколку тоа не даде резултати се соработува со надворешни институции како што се Центар за социјална работа, Министерство за внатрешни работи и локалната самоуправа (оддел за образование) Училиштето соработува со родителите и локалната самоуправа за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата.<br>**Резултат од анкети на родители**<br>Анкетирани се вкупно 70 родители по случаен избор. По однос на тврдењето Континуирано сум информиран/а за редовноста на моето дете. 54% од родителите целосно се согласуваат, 41.3% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 2% не се согласуваат со тврдењето, 2% од родителите целосно не се согласуваат и 1.3% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење |
| | Советување на родители/старатели и ученици | Советувањата на родителите се спроведуваат четири пати во текот на една учебна година (после секое тримесечје), после оддржување на одделенските совети. Учениците и родителите се советуваат доколку:<br>-ученикот има повеќе од три негативни оценки<br>-има повеќе од десет неоправдани или сто оправдани изостаноци<br>-ако учениците имаа недолично однесување На родителите им се испраќаат покани, секој родител кој треба да присуствува на советувањето добива покана осум дена пред одржувањето на истото. Се изработуваат извештаи од советувањето кои ги добиваат и самите родители. Досегашната пракса покажала дека советувањето на учениците и родителите дава позитивни резултати. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Учениците имаат можност за разговор и поддршка од стручниот соработник, доколку се соочат со било каков проблем во училиштето. Учениците се навремено и целосно информирани за новостите кои се во нивен непосреден интерес и нивното мислење се зема предвид во носењето на заедничките одлуки. Во училиштето и самите ученици имаат можност да партиципираат во решавањето на некои проблеми и донесување одлуки. Ваквите активности учениците особено ги реализираат на состаноците на Ученичкиот парламент, Клуб на Црвен крст и Ученичкиот парламент.<br>Стручната служба остварува индивидуални и групни советувања како и консултации со родителите, особено со родителите на деца со посебни образовни потреби, работи со училишниот парламент, спроведува тестирања за професионална и кариерна ориентација на учениците во деветто одделение како и идентификација на талентирании надарени ученици, континуирано дава поддршка на наставниците за поуспешна реализација во работата со ученици со различни карактеристики и потреби. Стручната служба има клучна улога како линк помеѓу наставник-ученик-родител. Стручниот соработник дава информации и спроведува активности за професонална ориентација и правилен избор на идното занимање на учениците од деветто одделение и организира промоција и претставување на средните училишта пред учениците од деветтите одделенија во текот на деновите од месец февруари до мај. Стручната служба ги информира учениците за нивните права и обврски. За учениците кои покажуваат слаб успех, проблеми со редовност и дисциплина, стручниот соработник редовно организира советување за учениците се со цел подобрување на успехот, редовноста и дисциплината на часовите и во училиштето. Стручната служба организира индивидуална и групна работа со ученици кои имаат потешкотии во учењето, разговор со наставниците и препораки за работа со тие ученици,работилници со паралелки за различни намени,за различна поддршка. Родителите и учениците навремено се запознаени со Кодексот на однесување со кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето (раководниот кадар, наставниците, стручната служба, техничкиот персонал, учениците и родителите). Училиштето има пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување пропишани со кодексот и таквите процедури ги |

| | | |
|---|---|---|
| | | спроведува во пракса.<br>**Резултат од анкети на родители**<br>Анкетирани се вкупно 70 родители по случаен избор.По однос на тврдењето Од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на моето дете.36.7% од родителите целосно се согласуваат,40% од родителите се согласуваат со ова тврдење,15.3% не се согласуваат со тврдењето,2.7% од родителите целосно не се согласуваат и 5.3% од родителите незнаат или немаат информација за ова тврдење<br>**Резултат од анкети за наставници**<br>Анкетирани се вкупно 50 наставници по случаен избор.По однос на тврдењето  На родителите им давам јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето.64.6% од наставниците целосно се согласуваат.,35.4% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, нема наставници кои не се согласуваат со тврдењето, целосно не се согласуваат или незнаат или немаат информација за ова тврдење<br>**Резултати од анкети на ученици** Анкетирани се вкупно 70 ученици по случаен избор.По однос на тврдењето  Наставниците постојано ме поттикнуваат на подобрување на мојот успех. 39,6% од учениците целосно се согласуваат,40,3% од учениците се согласуваат со ова тврдење,15,7% не се согласуваат со тврдењето,0,7% од учениците целосно не се согласуваат и 3,7% од учениците не знаат или немаат информација за ова тврдење |
| | Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците пројавуваат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области. Дополнителна настава се организира за ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка за определени наставни предмети за да ги постигнат очекуваните резултати, односно на барање на ученик, негов родител/ старател или по проценка на наставникот. Наставникот ја планира дополнителната настава согласно со потребите на учениците. Образовните групи за дополнителна настава се формираат во различни периоди во зависност од времето кога ќе се појават одредени слабости кај поедини ученици. Оваа настава се организира во текот на целата наставна година. За потребата од посета на ученикот на дополнителна настава одделенскиот, односно предметниот наставник води евиденција и го |

| | | |
|---|---|---|
| | | известува родителот / старателот на детето. Секој наставник во своите планирања има програма за додатна и дополнителна настава. Дополнителната настава се реализира преку наставни часови што се утврдени со распоред на часови. Распоредот на часови се истакнува на огласните табли во училиштето и се доставува до Државниот просветен инспекторат. Најголемиот број наставници им обезбедуваат поддршка во редовната настава на учениците кои имаат тешкотии во учењето, на учениците со посебни образовни потреби, како и на надарените ученици, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби<br>**Резултати од анкетата за реализација на дополнителна настава**<br>**Резултати од анкетата на родители**<br>Анкетирани се вкупно 70 родители по случаен избор. По однос на тврдењето На моето дете во училиштетому е овозможена дополнителна или додатна настава, доколку има потреба од тоа. 36.7% од родителите целосно се согласуваат, 38.7% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 13.3% не се согласуваат со тврдењето, 2.7% од родителите целосно не се согласуваат и 8.7% од родителите не знаат или немаат информација за оватврдење<br>**Резултат од анкети на ученици**<br>Анкетирани се вкупно 70 ученици по случаен избор. По однос на тврдењето Доколку не можам да го совладам материјалот, на мое барање, наставниците ми организираат дополнителна настава. 30,6% од учениците целосно се согласуваат, 42,5% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 13,4% не се согласуваат со тврдењето, 1,5% од учениците целосно не се согласуваат и 11,9% од учениците не знаат или немаат информација за ова тврдење |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

| **Опис/резиме на подрачјето** |
| --- |
| Во анализата на силните и слабите страни на училиштето, како и во утврдувањето на приоритетите, се издвојуваат неколку важни аспекти кои ги одразуваат предизвиците и потенцијалите за подобрување на образовниот процес. Ова резиме ги нагласува клучните наоди и ги утврдува приоритетите за подрачјето постигања на учениците Една од најзначајните предности на училиштето е утврдениот систем за известување, кој обезбедува јасни насоки за тоа кога и како ќе се известуваат учениците и нивните родители. Овој систем овозможува транспарентност и редовна комуникација меѓу училиштето и семејствата, што создава доверба и ја зголемува вклученоста на родителите во образовниот процес на нивните деца. Дополнително, позитивните ставови на родителите во однос на квалитетот на известувањето укажуваат на ефикасноста на оваа практика и на нејзиното позитивно влијание врз општата училишна клима. Систематизираниот пристап кон известувањето е важен елемент кој ја олеснува двонасочната комуникација и помага во благовремено информирање и решавање на евентуални проблеми. И покрај добро структурираните наставни програми и планови, училиштето се соочува со проблем во мотивацијата на учениците да ја посетуваат дополнителната настава. Иако постои јасен распоред за реализација на оваа настава, слабата вклученост на учениците покажува дека постои јаз меѓу понудените можности и интересот на учениците за нивно искористување. Ова укажува на потребата од подобро разбирање на ученичките потреби и од наоѓање иновативни начини за зголемување на нивната мотивација. Без активна и мотивирана вклученост, дополнителната настава губи од својот потенцијал да импомогне научениците дагиподобрат своите знаења и вештини. За дасе реши проблемот со ниската мотивација за посетување на дополнителната настава, потребно е да се вклучат учениците во подготвување на стратегија за поефективно користење на овие часови. Овој приоритет подразбира активно учество на учениците во дизајнирањето на програмите, со што ќе се осигура дека тие одговараат на нивните реални потреби и интереси. Вклучувањето на учениците во овој процес ќе ја зголеми нивната свест за важноста на дополнителната настава и ќе го зајакне чувството на одговорност за сопствениот напредок. Со тоа, дополнителната настава ќе стане поатрактивна и поефикасна, а учениците ќе добијат поголема поддршка за постигнување на успех во образованието.<br>И покрај силните страни на училиштето,како што е утврдениот систем за известување,предизвикот со ниската мотивација за дополнителната настава бара итни мерки.Со вклучување на учениците во креирањето на стратегии за подобрување на дополнителната настава,училиштето ќе создаде услови за поголема ангажираност и ќе ја зголеми ефикасноста на овие програми. |

**Силни страни**

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди.

Училиштето има добро развиен систем за идентификација на учениците со тешкотии во учењето и со посебни образовни потреби.

Училиштето има стратегија за идентификување на надарените ученици.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Поголемиот број од учениците во нашето училиште се редовни на настава.

Советувањето на учениците и родителите дава позитивни резултати.

Во текот на целата година по сите предмети се организира дополнителна настава.

**Слаби страни**

Училиштето има јасен распоред и план за реализација на дополнителна настава,но постои потреба да се подобри ефикасноста на реализацијата на истата.

**Приоритети**

Со учениците да се работи во насока на развивање и поттикнување на критичкото размислување како и развивање на повисоките когнитивни домени и истражувачки вештини. Наставниците да го планираат поучувањето со часови на активно учење, самостојна работа на учениците, примена на различни перспективи во реализација на наставните содржини, давање можности за откривање различни решенија на дадени задачи од наставната содржина.

Вклучување на учениците во подготвување на стратегија за поефективно користење на дополнителната настава според нивните потреби.

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| Индикатори за подрачјето: |
| --- |
| 3.1 Училишна клима<br><br>3.2 Еднаквост и правичност<br><br>3.3 Партнерски однос со заедницата<br><br>3.4 Севкупна грижа за учениците |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ„Кочо Рацин “ Петровец Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.1 Училишна клима** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Анкети со ученици, наставници и родители<br>-Правилник за изрекување педагошки мерки<br>-Правилник за пофалби, награди и педагошки мерки<br>-Кодекс на однесување<br>Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; статут на училиштето<br>- Куќен ред на училиштето<br>-Пофалби, награди, признанија и др.; | Углед/имиџ на училиштето | Училиштето промовира квалитетна работа, одлични постигнувања на учениците, дисциплина и редовност.<br>Училиштето реализира воннаставни активности по кои е препознатливо, вклученост на наставниците и учениците во проекти во соработка со локалната средина, учество во разни хуманитарни акции кои имаат за цел подигнување на општествената свест за хуманост и поддршка. Сето ова придонесува за постигнување на високи образовни резултати во наставните и воннаставните активности, преку кои учениците ги промовираат своите постигнувања и успеси.Преку веб страната на училиштето и училиштната Facebook страна, училиштето редовно ги афирмира реализираните воннаставни активности.<br>Од спроведените анкети поголемиот дел од учениците и родителите имаат позитивно мислење за училиштето. Наставниците сметаат дека училиштето има добра репутација во заедницата и е препознатливо по активностите и успесите на учениците. |
| | Кодекс на однесување | Успешната работа на нашето училиште се темели врз почитување на Кодексот на однесување во кој се содржани принципите, правилата и обврските на однесување на сите структури во училиштето (раководен кадар, наставници, стручна служба, технички персонал, ученици и родители). Кодексот на однесување редовно се ажурира, а во неговата изработка учествуваат претставници од сите засегнати страни.<br>Најголем број од анкетираните испитаници се согласуваат дека се запознаени со кодексот на однесување. Се применува во секојдневното работење, иако повремено има потреба од потсетување за почитување на правилата. |
| | Училишна клима | Од спроведените анкети со наставници, ученици и родители ,можеме да заклучиме дека најголем број од анкетираните засегнати страни се согласуваат дека во училиштето преовладува пријатна, безбедна и поддржувачка атмосфера. Учениците се чувствуваат прифатено и мотивирано. Наставниците покажуваат соработка и колегијалност. |

| | | |
|---|---|---|
| | Поведение и дисциплина во училиштето | Во училиштето е изработен Правилник во кој се пропишани пофалби и педагошки мерки за однесувањето на учениците. Сите ученици и родители се запознаваат со овие документи и нивната содржина на почетокот на учебната година. За поведението и дисциплината во училиштето се грижат сите наставници и стручната служба, почитувајќи го Куќниот ред на училиштето. Поголемиот број ученици се однесуваат пристојно и одговорно. Постојат поединечни случаи на нарушување на дисциплината кои се решаваат навремено и со соработка меѓу стручната служба и родителите.<br>За учениците со несоодветно однесување и оние кои не го почитуваат училишниот куќен ред, одделенскиот раководител, Одделенскиот и Наставничкиот совет изрекуваа соодветни педагошки мерки според Правилникот за педагошки мерки на нашето училиште. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки и редовно се покануваат родителите на учениците кои го прекршуваат правилникот на советување од страна на педагошко- психолошката служба. Од резултатите од спроведените анкети може да заклучиме дека најголем број од анктираните страни се согласуваат дека училиштето успешно се справува со дисциплината за време на часовите и на одморите и дека вработените одговорно се грижат за приемот на учениците и нивното заминување од училиштето. |
| | Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми | Во училиштето Ученичкиот парламент и ученичкиот правобранител работат според однапред утврдена програма. Состаноците се одржуваат редовно .На состаноците на демократски и транспарентен начин се дискутираат прашања и се донесуваат решенија од интерес на учениците. Заклучоците од состаноците навремено и целосно им се пренесуваат на останатите ученици од страна на претставникот на Ученичкиот парламент.<br>Учениците преку ученичкото тело учествуваат во организирање активности и изнесуваат предлози. Се охрабрува нивното активно учество, но има потреба од поголема вклученост во процесите на одлучување. |
| **Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Анкети со ученици, наставници и родители; набљудувања на часови;<br>➢ извештаи од спроведени | Познавање и почитување на правата на децата | Од спроведените анкети најголем број од анкетираните наставници и ученици и поголем број од родителите се согласуваат дека во училиштето се реализираат работилници за запознавање со правата, обврските на децата и нивно почитување. Наставниците ги промовираат вредностите на еднаквост и правичност на часовите и во однесувањето. Нема забележани случаи на |

| | | |
|---|---|---|
| активности за запознавање со детските права;<br>➢ записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител<br>➢ записници од работата на ТУИ - Тимот за училишна интеграција;<br>➢ оперативен план за наставен час;<br>➢ записници од наставнички совет;<br>критериуми и процедури за избор на ученик на генерација. | | дискриминација. Се поттикнува почит, толеранција и инклузија. Сите ученици без разлика на полот, етничка припадност, социјално потекло и нивните способности уживаат еднакви права и сите вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици. |

| | | |
|---|---|---|
| | Еднаков и правичен третман на сите ученици | Училиштето има позитивна инклузивна клима. Учениците се прифатени, како од наставниците, така и од соучениците. Инклузивниот тим во училиштето редовно одржува состаноци и го следи развојот и напредокот на учениците со посебни образовни потреби. Училиштето работи на обезбедување на здрава клима меѓу учениците и наставниците без разлика на пол, етничка припадност или различност во способностите, низ секојдневната редовна настава. Учениците во најголем дел се запознаени со своите права и обврски. Наставниците ги почитуваат принципите на еднаквост, хуманост и правичност во секојдневната работа. |
| **Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Анкети и интервјуа со родители; записници од родителски средби; педагошка служба<br>Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен);<br>Записници од советот на родители и родителски средби; | Соработка на училиштето со родителите/старателите | Соработката со родителите е редовна и конструктивна. Родителите се вклучени во организирање на училишни настани, хуманитарни акции и проекти. Постојат отворени канали за комуникација преку состаноци, телефон и електронска пошта. Сите активности транспарентно се објавуваат на нашата официјална Фејсбук и WEB страна.Поголемиот број родители покажуваат интерес и поддршка за активностите на училиштето, иако дел од нив се помалку активни. |
| | Соработка со општината и со урбаната заедница | Училиштето остварува добра соработка со општината, која обезбедува поддршка при инфраструктурни подобрувања и училишни проекти. Исто така, училиштето активно учествува во локални настани и кампањи во заедницата. Постојат заеднички активности со невладини организации и културни институции од локалната средина. Соработката е стабилна, со потенцијал за понатамошно продлабочува |
| **Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Анкети со ученици, наставници и родители; записници од педагог/психолог; извештаи од тим за заштита<br>Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување<br>Правилник за начинот на | Превенција и заштита од насилство | Во училиштето има Куќен ред и Кодекс на однесување на сите структури. Истите се истакнати на видливи места, во ходниците на училиштето како и на веб страната на училиштето. Со нив се опфатени и дефинирани облиците на однесување на учениците, наставниците и родителите. Во училиштето се применуваат механизми за постапување и справување со појавите на насилство. Училиштето го применува Правилникот за изрекување на Педагошки мерки. Во училиштето има пропишан документ-Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување. Постои и интерен Правилник за видови пофалби, награди и педагошки мерки. Во училиштето се вршат низа |

| | | |
|---|---|---|
| запишување на децата кои не се вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница<br>Кодекс на однесување;<br>Куќен ред на училиштето;<br>План за евакуација и акционен план | | активности, едукативни предавања, работилници и проекти за превенција од насилство.<br>Во училиштето се спроведуваат активности за подигање на свеста кај учениците за ненасилна комуникација и меѓусебна почит. Наставниците се обучени да реагираат навремено при појава на конфликт. Нема евидентирани посериозни случаи на насилство.<br>Најголем број од анкетираните страни го чувствуваат училиштето за безбедна средина, знаат да препознаат, постапат, заштитат и спречат појава на врсничко насилство. |
| | Заштита од пушење, алкохол и од дрога | Училиштето активно работи на превенција преку едукативни часови, предавања и кампањи за здрави стилови на живот. Учениците се запознаени со последиците од употреба на штетни супстанции. Соработка се остварува со Центар за јавно здравје и полицијата за превентивни активности.<br>Се реализира и проектот ,, Безбедност во училиштата" на којшто претставници на МВР држат предавања на учениците. |
| | Квалитет на достапна храна | Учениците имаат пристап до здрава и безбедна храна преку училишниот киоск и организираните ужини. Се внимава на хигиената и квалитетот на производите. Родителите се задоволни од понудата, но се предлага поголема разновидност на здрави оброци и овошје. |
| | Хигиена и заштита од болести | Хигиената во училиштето е на задоволително ниво. Се оддржува со задолжен технички персонал, но вклучени се и сите вработени, а особено одделенските раководители преку развивање правилен однос кон хигиената со учениците преку надзор на извршување на дадените задачи како што се оддржување на училници, ходници и училиштен двор. Тоа се постигнува со реализација на воннаставни активности преку еко акции, предавања, работилници и сл., со што се поттикнува свеста меѓу учениците за одржување на хигиената. Во училиштето функционира Еко патрола која секојдневно ги посетува сите училници и училишниот двор, ја проверува хигиената и економична употреба на електричната енергија.Училиштето двапати годишно врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација.<br>Се вршат редовни систематски прегледи и имунизација на учениците . Се вршат редовни систематски и санитари прегледи на вработените во училиштето во избрани Здравствени установи. |

| | |
|---|---|
| Грижа за безбедноста на учениците и вработените | Во училиштето се применуваат мерки за физичка и психолошка безбедност. Влезовите се контролирани, се следи присуството, а наставниците и учениците се запознаени со планот за евакуација и постапување при вонредни ситуации. Се одржуваат часови и активности за безбедно однесување. Нема регистрирани сериозни инциденти. |
| Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | Учениците од социјално загрозени семејства добиваат поддршка преку бесплатни ужини, училишен прибор и учество во хуманитарни акции. Соработка се остварува со Центарот за социјални работи и со општината. Наставниците покажуваат разбирање и помагаат во интеграцијата на овие ученици. |
| Грижа за учениците со здравствени проблеми | За учениците со хронични или привремени здравствени потешкотии се води посебна евиденција и се обезбедува индивидуален пристап. Наставниците се информирани за нивните потреби и постапуваат со внимание и грижа. Училиштето соработува со родителите и здравствените установи кога е потребно. |
| Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците | Педагогот и психологот редовно организираат работилници и разговори за подобрување на меѓусебните односи, самодовербата и емпатијата кај учениците. Во училиштето се спроведуваат активности за социо- емоционално учење и подобрување на менталното здравје на учениците. Атмосферата во училиштето е поддржувачка и пријателска. Најголем број од анкетираните учениците чувствуваат дека имаат на кого да се обратат при проблем. |
| Давање помош при изборот за продолжување на образованието | Учениците уште од најмала возраст преку содржините од предметите кои ги изучуваат се запознаваат со одредени професии и можностите кои ги нудат истите. Се покануваат родители професионалци од различни области кои ги споделуваат своите кариерни патишта, секојдневни задачи и совети за успех во нивните полиња. Се реализираат посети на институции, претпријатија, организации и сл.<br>На учениците од завршните одделенија им се обезбедува насока и советување за избор на средно училиште. Се организираат информативни часови, средби со претставници од средни училишта и индивидуални разговори со стручната служба. Се задаваат прашалници и тестови кои имаат за цел учениците да ги откријат сопствените можности, интереси и способности. Учениците се чувствуваат поддржани во донесувањето на одлука. |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Во училиштето владее позитивна и поддржувачка клима која овозможува пријатна атмосфера за учење, работа и соработка. Односите меѓу наставниците, учениците, родителите и останатите вработени се базирани на меѓусебно почитување, доверба и разбирање. Наставниците покажуваат високо ниво на професионалност и емпатија, што придонесува учениците да се чувствуваат безбедни, прифатени и мотивирани за учење.<br><br>Раководството на училиштето активно промовира демократски вредности, тимска работа и отворена комуникација. Се негува култура на соработка и се поттикнуваат активности што придонесуваат за развој на позитивни меѓучовечки односи, толеранција и инклузија.<br><br>Стручната служба обезбедува континуирана поддршка за учениците преку советување, работилници и индивидуален пристап, особено за оние од социјално загрозени семејства, со здравствени потешкотии или со специфични потреби. Учениците се вклучени во процесите на донесување одлуки преку училишниот парламент и разни ученички иницијативи.<br><br>Во училиштето се преземаат конкретни мерки за безбедност и заштита на сите ученици и вработени. Се следи социо-емоционалната добросостојба на учениците и се обезбедува помош при изборот на понатамошно образование.<br><br>Општо земено, училиштната клима се карактеризира со отвореност, почитување и грижа, што придонесува кон севкупен развој на личноста и квалитетно воспитно-образовно влијание. |
|---|
| **Силни страни**<br>Во училиштето постои пријатна, безбедна и поддржувачка клима за учење и работа.<br>Развиени се позитивни и почитувачки односи меѓу учениците, наставниците и родителите.<br>Се применува јасен **кодекс на однесување** кој го поттикнува меѓусебното почитување и одговорност.<br>Учениците се активно вклучени во училишниот живот преку **ученички парламент** и други форми на учество во донесувањето одлуки.<br>Постојана и конструктивна **соработка со родителите и локалната заедница**.<br>Училиштето организира **едукативни и превентивни активности** за насилство, здрави навики и социјална инклузија.<br>Обезбедена е поддршка за ученици со здравствени или социјални потешкотии преку стручната служба.<br>Се води грижа за **безбедноста и хигиената** во училиштето.<br>Наставниците покажуваат висок степен на **емпатија, професионализам и тимска соработка**.<br>Се негува **еднаквост и правичен третман** кон сите ученици без оглед на пол, етничка или социјална припадност. |

**Слаби страни**

Недоволна вклученост на дел од родителите во училишните активности и соработката со училиштето.

**Приоритети**

Подобрување на соработката и комуникацијата меѓу учениците, наставниците и родителите.

Поттикнување на поголема вклученост на учениците во училишните активности и донесувањето одлуки.

Организирање обуки и работилници за наставниците за управување со однесување, ненасилна комуникација и решавање конфликти.

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| **4.1 Управување и раководење со училиштето**<br>**4.2 Цели и креирање на училишната политика** |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ➢Програма за работа на училишниот одбор; ➢деловник за работа на училишниот одбор; ➢статут на училиштето; ➢записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни); ➢развојна програма на училиштето; ➢програма за работа на директорот; ➢програми за професионален развој; ➢докази за учество и дисеминација на обуки (списоци, агенди, евалуациски листи); ➢интервјуа со наставници, родители и ученици и училишниот одбор; ➢распоред и процедури за користење на просторот и материјлите во училиштето; ➢прашалник за одговорното лице од општината; ➢докази за вклученост во регионални и меѓународни образовни | Управување со училиштето | Управувањето и раководењето со училиштето е многу добро, на виско ниво. Врз основа на Законот за основно образование Орган на управување на основното училиште е Училишниот одбор. УО е јасно конституиран во согласност и со Статутот на училиштето. Сепак, иако Законот за основно образование ги дава генералните рамки за избор на членови на УО, во Статутот на училиштето е предвиден дел за регулирање на начинот и постапката за именување на наставници, стручни соработници, воспитувачи и родители/старатели за членови на УО. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор и е транспарентна. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Сите членови на училишниот одбор се запознаваат со надлежностите. Соработката е на високо ниво! Изградена е искрена и чесна комуникација. Достапност во секое време за сите потреби на училиштето. Нема случаи на одложување или неодржување седници поради немање кворум за работа. Сите членови на Училишниот одбор се запознаваат со надлежностите преку прирачници, Законот за основно образование и други подзаконски акти. Членовите на училишниот одбор ги разгледуваат и/или им се презентираат програмските документи на училиштето пред нивно усвојување. Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства. Најголем број од родителите (75%) се согласуваат дека УО навремено и транспарентно ги објавува сите донесени одлуки. |
| | Раководење со училиштето | Кодексот на однесување на учениците во ООУ „Кочо Рацин“ – Петровец е донесен во согласност со Законот за основното образование и Статутот на училиштето, преку вклучување на сите релевантни училишни органи – Наставнички совет, Ученички парламент, Совет на родители и Училишен |

| | | |
|---|---|---|
| мрежи (активности, дописи, апликации), активности и програма за работа на училишната библиотека /медиатека. ➢Процедура за пофалба на наставен кадар ➢Распоред за замена на наставници при краткорочно отсуство | | одбор.<br>Предлогот на Кодексот го изготвуваат стручните соработници, а потоа се разгледува со Ученичка заедница, по што се разгледува и од Наставничкиот совет, а потоа се усвојува од Училишниот одбор. Во училиштето се практикува редовно ажурирање на содржината на Кодексот, најчесто на почетокот на секоја учебна година или при потреба, со цел усогласување со новите законски прописи и воспитно-образовните стандарди. Процесот на ажурирање се спроведува во координација со Наставничкиот совет, Советот на родители и Ученички парламент, а измените се усвојуваат од Училишниот одбор.<br>Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Раководниот орган своето работење го заснова врз тимска работа при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Раководењето е согласно законските прописи. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации. Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи. |
| | Управување и раководење со ресурсите | Ресурсите се користат ефективно. Училиштето располага со солидни услови за работа. Просторните капацитети и материјалните ресурси, кадарот го користи во секојдневната работа кои што придонесуваат за подобрување на резултатите во работењето и развој на училиштето. Планирањето се одвива според блок дотациите од Општина Петровец и МОН и правилно распоредување според потребите и можностите на училиштето. Во финансовиот план за тековната година се планираат средства за потребите на работата на наставните и вонанставните активности. На пр.за изработка на хамери и сл. Дел од потрошниот материјал обезбедуваат родителите, на пр. за потребите за изготвување на наставни ливчиња. **Училиштето располага со солидни услови за работа. Просторните капацитети и материјалните ресурси кадарот ги користи во секојдневната работа кои што придонесуваат за подобрување на резултатите во работењето и развој на училиштето.** Училиштето преку Наставничкиот совет планира, а преку Училишниот одбор, |

| | | |
|---|---|---|
| | | Советот на родители и преку сопствената сметка и средства од одобрениот буџет обезбедува потрошен материјал и наставни средства за реализација на наставните и вонnаставните активности. Училишната библиотека/медиатека располага со компјутер, има пристап до интернет, располага со повеќе книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, кои го задоволуваат капацитетот за работа, секоја паралелка да работи со различна содржина пропорционално застапени според наставните јазици што се изучуваат во училиштето. Библиотечната евиденција се води во согласно законската регулатива. Во библиотеката не се води електронска евиденција за издадените и вратените книги. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот. |
| | Раководење со кадарот | Што се однесува до човечките ресурси, училиштето располага со наставен кадар, кој е соодветен по норматив, квалитетен и компетентен за реализација на сите наставни планови и програми, како и компетентни стручни соработници. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство. Училиштето е соодветно екипирано и со административен и помошно-технички персонал. Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Најголем број од наставниците сметаат дека училиштето ги поттикнува стручно да се усовршуваат. Постои практика за вршење дисеминација на базичните обуки. Училиштето организира и го вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно потребите, образовните реформи и современите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Училиштето има и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја. Училиштето има интерен документ за организација и реализација на приправничкиот стаж и се почитува Правилникот за програмата за полагање на стручниот испит на наставник приправник и стручен соработник приправник од Министерството за образование и наука. |

| | | |
|---|---|---|
| | Следење и унапредување на наставниот процес | Директорот и стручните соработници, по претходно изготвен распоред, континуирано ја следат работата на наставниците. Секој наставник се следи на најмалку два наставни часа во текот на едно полугодие за што се дава повратна информација. За следењето на наставниот час директорот и стручните соработници користат чек-листи како подготовка за успешно следење на наставниот час. Во поглед на унапредување на наставниот процес. Најчесто се следат и применуваат насоките од БРО и МОН. |
| **Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| | Процедури за креирање на училишната политика | Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики, во кои<br>се вклучени вработените, учениците, училишните структури и останатите чинители.<br>Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето. |
| | Резултати од развојно планирање | Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на<br>училиштето. При нивното поставување се вклучени наставниците-ментори, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно. |
| | Планирање и управување со училишниот буџет | Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и<br>трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и |

| | |
|---|---|
| | развојот на училиштето во целина. Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината. |

**Опис/резиме на подрачјето**

Управувањето и раководењето со училиштето е многу добро. Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор и е транспарентна. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Сите членови на училишниот одбор се запознаваат со надлежностите. Членовите на училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето. Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства. Најголем број од родителите (75%) се согласуваат дека УО навремено и транспарентно ги објавува сите донесени одлуки.

Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Тој работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Континуирано ги следи акциските планови за
реализација на развојната програма. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации. Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи.

Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Сместувањето и просторните капацитети се многу добри. Најголем дел од наставниците се изјасниле дека училиштето многу добро планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности.

Училишната библиотека/медиатека располага со повеќе книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, пропорционално застапени според наставните јазици што се изучуваат во училиштето. Библиотечната евиденција се води во согласно законската регулатива. Во библиотеката не се води електронска евиденција за издадените и вратените книги. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот.

Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство. Обезбедувањето на наставен кадар е многу добро. Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси, при што најголем број од паралелките во училиштето имаат оптимален број на ученици согласно нормативите и стандардите.

Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичните обуки.

Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и современтите образовни текови.

Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот.

Училиштето има и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата. Наставниот

| |
|---|
| кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја.<br>Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж.<br>Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики, во кои се вклучени вработените, учениците, училишните структури и останатите чинители.<br>Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето.<br>Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставниците-ментори, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница.<br>Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно.<br>Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските<br>средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината. |
| **Силни страни**<br>- Управувањето и раководењето со училиштето е многу добро.<br>- Сместувањето и просторните капацитети се многу добри. Просторните услови на училишните згради целосно и добро се искористени. Во последните години многу се вложувало во подобрување на сместувањето, инфраструктурата, инвентарот, нагледните средства и во подрачните училишта.<br>- Директорот има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето.<br>-Училиштето има добра раководна структура која може соодветно да одговори на обврските и предизвиците.<br>-Тимската работа е на високо ниво.<br>- Има транспарентност во работата.<br>-Раководниот тим има јасна визија за управување со конструктивност, правичност при донесувањето одлуки.<br>-Наставничкиот кадар е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и вonнаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Најголем дел од родителите (89%) сметаат дека наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен.<br>-Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика.<br>- Училиштето им обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници.<br>- Сите наставници, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Притоа, |

наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература,обезбеувајќи целосна интеракција со учениците. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби. - Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава/воннаставни активности според ИОП и/или модифицирана програма според препораките од МКФ. Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Наставниот кадар успешно соработува со образовните асистенти со цел за најдобар интерес на ученикот.

- ТУИ (тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирни во ГПРУ, проектните активности добиени преку грантови од МОН и други партнерски организации и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи.
- Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност и на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели.
- Постои добра опременост со надгледни средства.
- Изграден училишен имиџ.
- Библиотеката-медијатеката е сместена во многу добра просторија опремена со лектирни изданија каде уредно се води пишана и електронска евиденција.
- Училиштето организира интерни семинари и натпревари на ниво на училиште.
- Голем број нагледни средства по сите предмети.
- Обезбедување на доволно потрошен материјал за наставниците и целиот персонал.
- Посветување на посебно внимание и поддршка за стручно усовршување на наставниот кадар (преку семинари и обуки).
- Наставен кадар по сите предмети, соодветно стручен и способен за работа.
- Учество на наставниот кадар во сите проекти подржани од страна на МОН и БРО.
- Почитување на законската регулатива при финансиското работење на училиштето.
- Транспарентност во голема мера во планирањето и трошењето на училишниот буџет.
- Обезбеден лектирен фонд за сите ученици.
- Соодветно опремена библиотека (во однос на книжен фонд, просторно и технички).
- Училиштето е отворено за посета од страна на родителите и тие можат да имаат пристап до сите простории и информации, на нивно барање.
- Во училиштата во с.Огњанци има парно греење и во с.Катланово има клима уреди.
- Опременост со стручна литература и енциклопедиски изданија.
- Медијатеката има капацитет да се унапреди во погодно место за учење и истражување, во рамките на училиштето.
- Учениците имаат пристап до компјутер и интернет.

| |
|---|
| **Слаби страни**<br>-Училиштето сеуште нема сензорна соба за учениците со посебни образовни потреби.<br>-Кај дел од родителите на  децата со посебни образовни потреби се јавува<br>одбивност на соработка со стручниот кадар на училиштето и не прифаќаат да ги<br>носат децата во соодветните установи на проценка (МКФ).<br>-Постои транспарентност во финансиското работење на училиштето, но и покрај тоа<br>одреден процент на наставници (31%) и родители (64%) се изјасниле дека не се запознати со тоа како се троши буџетот. |
| **Приоритети**<br>-Изготвување сензорна соба за учениците со посебни потреби, што е можно побрзо.<br>-Изготвување план и стратегија за  зголемување на соработката со родителите на децата со посебни образовни потреби.<br>-Организирање на работилници со родителите на децата со посебни потреби со цел за зголемување на свеста и довербата во соодветните установи.<br>-Откривање на начин на информирање на сите чинители во училиштето за тоа како се троши<br>буџетот |

**Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации**

(се внесуваат обработени резултати од анкетите со сите чинители (% на одговори по прашања на анкетните прашалници), резимеа од квалитативна анализа што се однесува на наменско набљудување, анализа на одговорите од интервјуата и дискусиите во фокус групите)

| |
|---|
| Анкета за родители/старатели |
| Анкета за наставници |
| Анкета за ученици |
| Резиме (главни наоди) од интервјуа со директор/стручна служба |
| Резиме (главни наоди) од фокус групи |
| Наоди од набљудување часови |
| Наоди од други видови набљудувања |

## Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации

(се внесуваат обработени податоци од анкетите со сите чинители (% на одговори по прашања на анкетните прашалници), резимеа од квалитативна анализа што се однесува на наменско набљудување, анализа на одговорите од интервјуата и дискусиите во фокус групите)

**Анкета за родители/старатели**
**ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ-ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ**
**Анкетирани се 77 родители**

1. **Во текот на учебната година, моето дете ги има сите наставни часови, согласно распоредот**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 88% | 68 |
| 3- се согласувам | 10% | 8 |
| 2- не се согласувам | | 0 |

**3. Изборните предмети / активности кои ги посетува моето дете ги има избрано согласно своите интереси**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 56% | 43 |
| 3- се согласувам | 28% | 21 |
| 2- не се согласувсам | 14% | 11 |
| 1- целосно не се согласувам | 1% | 1 |
| 0- не знам/немам информација | 1% | 1 |

**4. Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 70% | 54 |
| 3- се согласувам | 25% | 19 |
| 2- не се согласувсам | 4% | 3 |
| 1-целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | 1% | 1 |

**5. Моето дете слободно може да се изрази за време на часовите**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 82% | 63 |
| 3- се согласувам | 13% | 10 |
| 2- не се согласувам | 4% | 3 |
| 1-целосно не се согласувам | | 0 |

**6. На моето дете повеќето часови му се интересни**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 74% | 57 |

**9. Училиштето го чувствувам како мотивирачка средина за моето дете**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 73% | 56 |
| 3- се согласувам | 22% | 17 |
| 2- не се согласувсам | 5% | 4 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**10. Моето дете во училиштато има пристап до различни материјали за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели)**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 66% | 50 |
| 3- се согласувам | 31% | 24 |
| 2- не се согласувсам | 2% | 2 |
| 1- целосно не се согласувам | 1% | 1 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**11. Наставниците го пофалуваат моето дете за постигнатите резултати**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 77% | 59 |
| 3- се согласувам | 23% | 18 |
| 2- не се согласувсам | | 0 |
| 1-целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**12. Наставниците го пофалуваат моето дете за вложениот труд**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 81% | 62 |
| 3- се согласувам | 12% | 9 |
| 2- не се согласувсам | 6% | 5 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | 1% | 1 |

**13. Наставниците му даваат насоки на моето дете како подобро да учи**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 81% | 62 |
| 3- се согласувам | 12% | 9 |
| 2- не се согласувсам | 6% | 5 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | 1% | 1 |

**14. Редовно сум известен/а за постигнувањата на моето дете на училиште (не само на полугодие и крај на година)**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 88% | 68 |
| 3- се согласувам | 12% | 9 |
| 2- не се согласувсам | | 0 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**15. Ги користам можностите да разговарам со наставниците за постигањата на моето дете**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 74% | 57 |
| 3- се согласувам | 26% | 20 |
| 2- не се согласувсам | 0 | 0 |
| 1- целосно не се согласувам | 0 | 0 |
| 0- не знам/немам информација | 0 | 0 |

**16. Наставниците ме запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 69% | 53 |
| 3- се согласувам | 25% | 19 |
| 2- не се согласувсам | 5% | 4 |
| 1- целосно не се согласувам | 1% | 1 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**17. Училиштето нуди избор на различни вонnаставни активности (клубови, проекти и сл.)**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 58% | 45 |
| 3- се согласувам | 25% | 19 |
| 2- не се согласувсам | 12% | 9 |
| 1- целосно не се согласувам | 1% | 1 |
| 0- не знам/немам информација | 4% | 3 |

**18. Моето дете е вклучено во воннаставни активности, според сопственоит интерес**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 66% | 51 |
| 3- се согласувам | 18% | 14 |
| 2- не се согласувсам | 9% | 7 |
| 1- целосно не се согласувам | 1% | 1 |
| 0- не знам/немам информација | 5% | 4 |

**Анкета за наставници**

**ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИЦИ-ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ**

**Анкетирани се вкупно 50 наставници**

**1.Добивам навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата.**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 48% | 24 |
| 3- се согласувам | 42% | 21 |
| 2- не се согласувсам | 10% | 5 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**2. Директорот и стручната служба ги следат моите планирања најмалку два пати во полугодието.**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 90% | 45 |
| 3- се согласувам | 8% | 3 |
| 2- не се согласувсам | 2% | 2 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**3. Добивам поддршка од директорот и/или стручната служба при изготвување на планирање за мојот наставен предмет/предмети**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 44% | 22 |
| 3- се согласувам | 38% | 19 |
| 2- не се согласувсам | 14% | 7 |
| 1- целосно не се согласувам | 2% | 1 |
| 0- не знам/немам информација | 2% | 1 |

**4. Во рамки на стручните активи разменуваме искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 84% | 42 |
| 3- се согласувам | 16% | 8 |
| 2- не се согласувсам | | 0 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**5. Задачите и активностите на часовите ги приспособувам на индивидуалните образовни потреби на учениците**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 88% | 44 |
| 3- се согласувам | 12% | 6 |
| 2- не се согласувсам | | 0 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**6. Во наставата користам различни ресурси за учење и настава**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 88% | 44 |
| 3- се согласувам | 12% | 6 |
| 2- не се согласувсам | | 0 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**7. Во наставата користам приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 84% | 42 |
| 3- се согласувам | 16% | 8 |
| 2- не се согласувсам | | 0 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**8. Ги поттикнувам учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 84% | 42 |
| 3- се согласувам | 16% | 8 |
| 2- не се согласувсам | | 0 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**9. На моите часови, учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција помеѓу нив**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 88% | 44 |
| 3- се согласувам | 12% | 6 |
| 2- не се согласувсам | | 0 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**10. Кон учениците се однесувам со почитување**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 84% | 42 |
| 3- се согласувам | 16% | 8 |
| 2- не се согласувсам | | 0 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**11. Ги разбирам проблемите и потребите на учениците**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 92% | 46 |
| 3- се согласувам | 6% | 3 |
| 2- не се согласувсам | 2% | 1 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**12. Во текот на наставата, учениците можат да бираат дополнителни задачи/активности или задачи/активности по свој избор**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 94% | 47 |
| 3- се согласувам | 6% | 3 |
| 2- не се согласувсам | | 0 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**13. Реализирам МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 84% | 42 |
| 3- се согласувам | 16% | 8 |
| 2- не се согласувсам | | 0 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**14. Успешно соработувам со образовните асистенти**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 84% | 42 |
| 3- се согласувам | 14% | 7 |
| 2- не се согласувсам | | 0 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | 2% | 1 |

**15. Редовно ги пофалувам учениците за постигнатите резултати**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 98% | 49 |
| 3- се согласувам | 2% | 1 |
| 2- не се согласувсам | | 0 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**16. Редовно ги пофалувам учениците за вложениот труд**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 98% | 49 |
| 3- се согласувам | 2% | 1 |
| 2- не се согласувсам | | 0 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**17. На учениците им кажувам што добро научиле а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 94% | 47 |
| 3- се согласувам | 6% | 3 |
| 2- не се согласувсам | | 0 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**18. Ги запознавам учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 92% | 46 |
| 3- се согласувам | 8% | 4 |
| 2- не се согласувсам | | 0 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**19. На учениците им давам насоки како поуспешно да учат**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 92% | 46 |
| 3- се согласувам | 8% | 4 |
| 2- не се согласувсам | | 0 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**20. Применувам различни начини на оценување на учениците**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 92% | 46 |
| 3- се согласувам | 8% | 4 |
| 2- не се согласувсам | | 0 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**21. Учениците редовно ги вклучувам во оценувањето (самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.).**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 82% | 41 |
| 3- се согласувам | 16% | 8 |
| 2- не се согласувсам | 2% | 1 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**22. Планот за воннаставни активности кои ги водам, го изготвувам заедно со учениците.**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 78% | 39 |
| 3- се согласувам | 20% | 10 |
| 2- не се согласувсам | 2% | 1 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**Анкета за ученици**
**ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ-ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ**
**Анкетирани се 74 ученици**

**1. На часовите имам можност да учам на различни начини (на пр. преку проекти, преку игра, преку истражување и сл.)**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 77% | 57 |
| 3- се согласувам | 12% | 9 |
| 2- не се согласувсам | 10% | 7 |
| 1- целосно не се согласувам | 1% | 1 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**2. Сам/а ги имам избрано слободните изборни активности и предмети во кои учествувам, според моите интереси.**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 51% | 38 |
| 3- се согласувам | 38% | 28 |
| 2- не се согласувсам | 11% | 8 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**3. На часовите користиме различни материјали и извори за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели)**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 53% | 39 |
| 3- се согласувам | 34% | 25 |
| 2- не се согласувсам | 12% | 9 |
| 1- целосно не се согласувам | 1% | 1 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**4. Наставниците ја прават содржината од предметите интересна.**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 68% | 50 |
| 3- се согласувам | 22% | 16 |
| 2- не се согласувсам | 8% | 6 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |

**5. На најголем број од часовите, сите ученици сме активно вклучени во наставата (поставуваме, прашања, дискутираме, работиме во групи).**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 53% | 39 |
| 3- се согласувам | 38% | 28 |
| 2- не се согласувсам | 5% | 4 |
| 1- целосно не се согласувам | 3% | 2 |
| 0- не знам/немам информација | 1% | 1 |

**6. Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам на различни натпревари.**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 69% | 51 |
| 3- се согласувам | 25% | 18 |
| 2- не се согласувсам | 5% | 4 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | 1% | 1 |

**7. Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам во различни проекти**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 77% | 57 |
| 3- се согласувам | 21% | 15 |
| 2- не се согласувсам | 1% | 1 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | 1% | 1 |

**8. Наставниците однапред ни објаснуваат што треба да знаеме за секоја оцена.**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 78% | 58 |
| 3- се согласувам | 16% | 12 |
| 2- не се согласувсам | 6% | 4 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**9. Наставниците ми објаснуваат зошто сум добил/а одредена оцена.**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 86% | 64 |
| 3- се согласувам | 13% | 9 |
| 2- не се согласувсам | 1% | 1 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**10. Оценувањето на сите ученици е праведно.**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 60% | 44 |
| 3- се согласувам | 32% | 24 |
| 2- не се согласувсам | 7% | 5 |
| 1- целосно не се согласувам | 1% | 1 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**11. Наставниците редовно ме известуваат за моите постигнувања и начините за нивно подобрување.**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 65% | 48 |
| 3- се согласувам | 30% | 22 |
| 2- не се согласувсам | 5% | 4 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**12. Наставниците користат различни начини за проверка на моите знаења (усна проверка, тестови, наставни листови и сл.).**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 65% | 48 |
| 3- се согласувам | 28% | 21 |
| 2- не се согласувсам | 6% | 4 |
| 1- целосно не се согласувам | 1% | 1 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**13. Наставниците ме пофалуваат за мојот труд.**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 60% | 44 |
| 3- се согласувам | 20% | 15 |
| 2- не се согласувсам | 16% | 12 |
| 1- целосно не се согласувам | 4% | 3 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**14. Наставниците ме пофалуваат за моите резултати**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 56% | 41 |
| 3- се согласувам | 40% | 30 |
| 2- не се согласувам | 4% | 3 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**15. Ако не знам нешто на часовите, можам слободно да ги прашам наставниците**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 81% | 60 |
| 3- се согласувам | 19% | 14 |
| 2- не се согласувсам | | 0 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | | 0 |

**16. На часовите можам слободно да кажам што мислам**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 65% | 48 |
| 3- се согласувам | 28% | 21 |
| 2- не се согласувсам | 6% | 4 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | 1% | 1 |

**17. Во училиштето имам избор на различни вонннаставни активности (на пр. клубови, проекти, акции)**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 50% | 37 |
| 3- се согласувам | 35% | 26 |
| 2- не се согласувсам | 11% | 8 |
| 1- целосно не се согласувам | | 0 |
| 0- не знам/немам информација | 4% | 3 |

**18. Се вклучувам во вонннаставните активности по мој избор.**

| | | |
|---|---|---|
| 4- целосно се согласувам | 60% | 44 |
